# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

***“ЕУРО ПРОЕКТ“ е компанија која се занимава со изведба на градежни работи од нискоградба и високоградба, како и преработка на челични конструкции.***

***“ЕУРО ПРОЕКТ“ ќе го поддржува Системот за Управување со Квалитет во согласност со барањата на меѓународниот стандард ISO 9001:2008***

***“ЕУРО ПРОЕКТ“ им гарантира на своите клиенти коректност и максимално исполнување на превземените ангажмани.***

***“ЕУРО ПРОЕКТ“ изјавува дека главна цел на раководството и целиот персонал е давање на квалитетна услуга на своите клиенти што одговара на сите нормативни барања и е во согласност со меѓународните стандарди за работа во областа на градежништвото.***

***“ЕУРО ПРОЕКТ“ континуирано ќе го следи степенот на задоволство на клиентите и ќе ги проучува нивните препораки, барања и рекламации, а притоа истите ќе ги користи за подобрување на карактеристиките на услугите и за усовршување на системот за управување со квалитет.***

***“ЕУРО ПРОЕКТ“ се стреми да одржува тим од висококвалификуван и мотивиран персонал и да води сметка за одржување на благопријатен творечки амбиент, при што секој извршител да биде свесен за важноста на своите дејствија во однос на задоволувањето на барањата на клиентите и просперотетот на фирмата.***

***“ЕУРО ПРОЕКТ“ применува процесен приод кон создавањето и одржувањето на системот за управување со квалитет. Во врска со тоа извршува идентификација, планирање, воведување, контрола и континуирано подобрување на сите процеси кои имаат влијание врз квалитетот на своите услуги.***
***Раководството периодично извршува контрола на политиката, функционирањето на системот за управување со квалитет, исполнувањето и поставувањето на нови цели за квалитет.***

***Неџбеин Јашари***
***Управител***

***Скопје, 15.04.2010 г.***